Врз основа на член 19 став 2 точка 1 и член 29 од Законот за јавните претпријатија (Службен весник на РМ бр.38/96, бр.06/02, бр.40/03 и 49/06), член 36 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02), Одлука на Влада на РМ за Национална класификација на дејности (Сл. весник 147/08), Одлука на Управен Одбор бр 02-210/3 од 18.11.2025 и Решение на Совет на Општина Битола бр. 09-129/26 од 27.11.2025), со Одлука бр. 02-234/9 од 15.12.2025 год. се утврдува пречистен текст на Статутот на Ј.П. „Пазари“ - Битола донесен од Управниот Одбор на Ј.П. „Пазари“ - Битола на седница одржана на ден 15.12.2025 година,

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
ПАЗАРИ
Бр. 01-239/1
15.12.25 год.
БИТОЛА

С Т А Т У Т

На Јавното претпријатие „Пазари“ - Битола

I ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Статут поблиску се уредува организацијата, управувањето и раководењето со јавното претпријатие, дејноста, општите акти и постапката за нивно донесување, информирањето, планирањето, како и други прашања од значење за работењето на јавното претпријатие „Пазари” - Битола.

Член 2

Јавното претпријатие „Пазари“ - Битола (во понатамошниот текст Јавно претпријатие), се основа заради вршење стопанска дејност која е незаменлив услов за животот и работата на граѓаните на подрачје на општината Битола.

Јавното претпријатие има својство на правно лице, со своја жиро сметка, а за преземените обврски во правниот промет одговара со целокупниот имот-целосна одговорност.

Член 3

Јавното претпријатие прв пат е основано со Решение на Министерството за финансии на НРМ бр.2926 од 09.06.1952 год како претпријатие со самофинансирање на предлог на Народниот одбор од Битола. Запишано е во судскиот регистар на Окружниот стопански суд во

Битола. Запишано е во судскиот регистар на Окружниот стопански суд во Битола со Решение бр. ВЛ 154/78 во состав на КРО "4-ти Ноември" Битола, во 1990 година регистрирано е како Општествено претпријатие „Пазари" - Битола, на 15.08 1991 година е запишано како Акционерско друштво „Пазари" - Битола .

Со одлука на Советот на Општината Битола бр.07-403 на 28.05.1998 година е основано Јавното Претпријатие „Пазари" - Битола.

II ДЕЈНОСТ, ФИРМА, СЕДИШТЕ, ПЕЧАТ, ШТЕМБИЛ И АМБЛЕМ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ

1. ДЕЈНОСТ

Член 4

Јавното претпријатие во рамките на својот делокруг на работа ја врши следната дејност:

68.20 – Издавање и управување со сопствен недвижен имот или недвижен имот земен под закуп (лизинг).

35.11 – Производство на електрична енергија

Член 5

Јавното претпријатие може да ја промени дејноста во согласност со закон.

2. ФИРМА

Член 6

Полното име на фирмата на јавното претпријатие гласи : Јавно Претпријатие „Пазари" - Битола.

Скратеното име на Јавното претпријатие гласи: ЈП "Пазари" Битола.

3. СЕДИШТЕ

Член 7

Седиштето на Јавното претпријатие е во Битола на ул. "Коле Неделковски" бб.

4. ПЕЧАТ, ШТЕМБИЛ И АМБЛЕМ

Член 8

Јавното претпријатие има свој печат, штембил и амблем.

Печатот има тркалезна форма со пречник од 2 см. со следната содржина: Јавно Претпријатие "Пазари" Битола.

Штембилот има правоаголна форма со димензии 6 х 2,5 см. со следната содржина: Јавно претпријатие "Пазари"----------2------год. Битола.

Амблемот на Јавното претпријатие ја симболизира дејноста на претпријатието во сина боја.

Член 9

Начинот на употреба, ракувањето, чувањето и употребата на печатот и штембилот е регулиран со закон и акт на јавното претпријатието.

III ОРГАНИ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ

Член 10

Органи на Јавното претпријатие се:
-Управен одбор
-Надзорен одбор
-Директор

1. УПРАВЕН ОДБОР

Член 11

Управниот одбор на Ј.П. „Пазари" - Битола се состои од 7 членови.

Членовите на Управниот одбор ги именува, односно разрешува основачот на Ј.П. „Пазари" - Битола.

За член на Управниот одбор во Ј.П. „Пазари" – Битола може да биде именувано лице кое ги исполнува следните услови:

- е државјанин на Република Северна Македонија.
- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование и

- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Освен условите во ставот 3 на овој член, членовите на управниот одбор во јавното претпријатие треба да имаат најмалку пет години работно искуство од кои:

- најмалку еден член на управниот одбор со работно искуство од областа на финансиско работење и
- најмалку еден член на управниот одбор со работно искуство од областа на правните работи.

Времетраењето на мандатот на членовите на управниот одбор изнесува четири години, со право на уште еден последователен мандат.

Член 11-а

За избор на членови во Управниот одбор на Ј.П. „Пазари“ – Битола, три месеци пред истекот на мандатот на постојните членови, по предлог на Градоначалникот на Општина Битола, Советот на Општина Битола распишува јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор со времетраење од пет дена, на својата веб-страница и на веб-страницата на Ј.П. „Пазари“ - Битола за кое е распишан јавниот повик.

За избор на членови во управниот одбор на ЈП „Пазари“ - Битола, на предлог на градоначалникот на општина Битола, Советот на општина Битола формира Комисија за селекција составена од: претседател и негов заменик, од редот на вработените во општина Битола, еден член и негов заменик, вработени во организациона единица за управување со човечки ресурси во општина Битола и еден член и негов заменик, вработени во ЈП „Пазари“ - Битола за кое е објавен повик за пројавување интерес за пријавување на кандидатите.

Формата и содржината на повикот од ставовите 1 и 2 на овој член, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување, начинот на бодување и селекција на кандидатите ги пропишува министерот за економија и труд.

Основачот на Ј.П. „Пазари“ - Битола и Ј.П. „Пазари“ - Битола се должни во рок од 15 дена од денот на донесувањето на одлуката за именување на членови во Управниот одбор, да ги објават кратките биографии на сите членови на Управниот одбор на своите веб-страници.

Член 12

Член на Управниот одбор не може да има лично, преку трето лице или по било која основа интереси во претпријатие или трговско друштво кое е во деловни односи со јавното претпријатие, кои можат да имаат било какво влијание на неговата независност и непристрасност во одлучувањето во Јавното претпријатие.

Секој член на Управниот одбор, како и директорот се должни да го предупредат основачот за постоењето на ваков интерес од страна на еден член или повеќе членови на Управниот одбор.

Управниот одбор од редот на своите членови избира претседател и заменик претседател.

Управниот одбор на Јавното претпријатие ги има сите овластувања да презема мерки кои се потребни и корисни заради постигнување на целите на Јавното претпријатие во согласност со законот.

Член 13

Управниот Одбор на Јавното претпријатие:
-го донесува Статутот на јавното претпријатие;
-ја усвојува Програмата за работа и развој на Јавното претпријатие;
-ја утврдува деловната политика
-ги усвојува тримесечниот извештај кој содржи показатели за финансиското работење, годишната сметка и извештајот за работењето на јавното претпријатие;
-одлучува за употребата на средствата остварени со работењето на Јавното претпријатие и покривањето на загубите;
-ги донесува одлуките за инвестиции;
-ги утврдува цените на производите и услугите;
-Одлучува за внатрешната организација на Јавното претпријатие;
-Го донесува актот за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во јавното претпријатие;
-врши и други работи утврдени со актот за основање и овој Статут.

Член 14

Управниот одбор може полноправно да работи и одлучува доколку се присутни повеќе од половината членови на Управниот одбор.

Одлуките на управниот одбор се сметаат за донесени ако за нив гласале повеќе од половината од сите членови на управниот одбор.

Член 15

Јавното претпријатие не може на претседателот или член на управниот одбор, на претседателот или член на надзорниот одбор или - директорот на јавното претпријатие да им дава заеми или гаранции за заеми кои тие ги склучиле со трети лица.

Превземента обврска спротивно на став 1 на овој член е ништовна и без правно дејство.

Член 15-а

Претседателот на Управниот одбор на Ј.П. „Пазари“ – Битола или доколку претседателот од оправдани причини не е во можност да присуствува, членот на Управниот одбор овластен од претседателот е должен да присуствува на седницата на Советот на Општина Битола, кога се дискутира и се одлучува за работи и документи од надлежност на Управниот одбор на Ј.П. „Пазари“ – Битола.

Претседателот и членовите на Управниот одбор на Ј.П. „Пазари“ – Битола имаат право на месечен надоместок за својата работа, врз основа на присуство на седниците на Управниот одбор.

Вкупниот месечен надоместок на претседателот и членовите на Управниот одбор поединечно, не смее да го надмине износот од една половина од просечната нето плата на вработените во Ј.П. „Пазари“ – Битола, исплатена во претходната година.

Висината на месечниот надоместок за претседателот и членовите на Управниот одбор во Ј.П. “Пазари“ – Битола со одлука го утврдува Советот на Општина Битола.

2. НАДЗОРЕН ОДБОР

Член 16

За вршење контрола на материјално – финансиското работење на Ј.П. „Пазари“ – Битола, се формира Надзорен одбор за контрола на материјално – финансиското работење составен од три члена.

За член на Надзорниот одбор во Ј.П. „Пазари“ – Битола може да биде именувано лице кое ги исполнува следните услови:

- е државјанин на Република Северна Македонија.
- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование од областа на правните науки, економските науки или од областа на дејноста на Ј.П. „Пазари“ – Битола.
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Освен условите од ставот 2 на овој член, членовите на Надзорниот одбор треба да имаат и соодветно работно искуство и тоа:

- еден член на Надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство.
- еден член на Надзорниот одбортреба да има најмалку пет години работно искуство од областа на финансиското работење и
- еден член на Надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на правните науки.

Времетраењето на мандатот на членовите на Надзорниот одбор изнесува четири години, со право на уште еден последователен мандат.

Членовите на Надзорниот одбор во Ј.П. „Пазари“ – Битола ги именува односно разрешува основачот на Ј.П. „Пазари“ – Битола.

Членовите на Надзорниот одбор можат да присуствуваат на седницата на Управниот одбор и на нив им се доставува покана со сите материјали што им се доставуваат и на членовите на Управниот одбор.

Надзорниот одбор задолжително ја прегледува годишната сметка и извештајот за работа на Ј.П. „Пазари“ – Битола и за истите дава мислење до Управниот одбор.

Управниот одбор не може да ја усвојува годишната сметка и извештајот за работењето на Ј.П. „Пазари“ – Битола ако претходно не добие позитивно мислење од Надзорниот одбор.

Надзорниот одбор задолжително се состанува најмалку четири пати годишно.

Член 16-а

Претседателот на Надзорниот одбор на Ј.П. „Пазари“ – Битола или доколку претседателот од оправдани причини не е во можност да присуствува, членот на Надзорниот одбор овластен од претседателот, е должен да присуствува на седницата на Советот на Општина Битола, кога се дискутира и се одлучува за работи и документи од надлежност на Надзорниот одбор на Ј.П. „Пазари“ – Битола.

Претседателот и членовите на Надзорниот одбор на Ј.П. “Пазари“ – Битола за секоја седница на Надзорен одбор на која присуствувале, имаат право на надоместок во висина до една третина од просечната нето плата на вработените во Ј.П. „Пазари“ – Битола, исплатена во претходната година.

3. ДИРЕКТОР

Член 17

Со работата на Јавното претпријатие раководи Директор кој го избира односно разрешува Градоначалникот на Општина Битола.

За именување на директор од ставот 1 на овој член се објавува јавен оглас во три дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Македонија, од кои во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

Член 18

За директор и заменик на директор од ставот 1 на овој член може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

- е државјанин на Република Македонија,
- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование,
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност,
- има минимум пет години работно искуство,
- поседува еден од следните меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години и тоа: ТОЕФЕЛ ИБТ (TOEFL iBT) - најмалку 74 бода, ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода, ИЛЕЦ (ILEC Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво, ФЦЕ (FCE Cambridge English: First) – положен, БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2).

Член 19

Директорот на Јавното претпријатие за својата работа одговара пред Градоначалникот.

Директорот склучува Договор со Градоначалникот на општината, за уредување на односите со јавното претпријатие во кој поединечно се уредуваат правата, одговорностите и овластувањата согласно закон.

Член 20

Директорот на јавното претпријатие:

-го обезбедува спроведувањето на одлуките и заклучоците на Управниот одбор,

-учествува во спроведувањето на основите на програмата за работа и развој на Јавното претпријатие и е одговорен за нејзиното реализирање,

-учествува во утврдувањето на критериумите за користење и располагање со средствата остварени со работењето на јавното претпријатие,
- врши усогласување на деловната активност на јавното претпријатие,
- врши и други работи во врска со работењето на јавното претпријатие, согласно со закон и овој Статут.

Член 21

Функцијата Директор е неспојива со функцијата пратеник во Собранието на РМ, функција претседател и член на Владата на РМ, како и член на советот и Градоначалник на општината за јавните претпријатија основани од општината.

Член 21-а

Директорот е должен секои шест месеца да доставува извештај за работата на јавното претпријатие до управниот одбор, односно градоначалникот на општината, односно на градот Скопје.

Во извештајот од ставот 1 на овој член директорот е должен особено да достави податоци за видот и обемот на работите извршени при обавување на дејноста на јавното претпријатие, како и податоци за финансиското работење.

Ако од извештајот за работа се утврдат недостатоци и/или загуби во финансиското работење, директорот е должен истите да ги отстрани во наредните шест месеца.

Директорот е должен да ги објави тримесечниот извештај кој содржи показатели за финансиското работење, годишната сметка и извештајот за работењето на јавното претпријатие на веб страницата на јавното претпријатие.

Член 22

Директорот, членовите на Управниот одбор и членовите на Надзорниот одбор, ако извршат односно донесат одлука за која знаеле или за која со оглед на околностите морале да знаат дека ги повредуваат интересите на јавното претпријатие, одговараат неограничено и солидарно за штетата настаната со таквата одлука. Одговорноста се утврдува согласно одредбите од Законот за трговски друштва кои се однесуваат на органите на управување.

Член 23

Директорот како застапник е овластен во рамките на дејноста на Јавното претпријатие да склучува договори и потпишува спогодби, како и да го застапува јавното претпријатие пред судовите и другите органи.

За склучување на договори и спогодби кои се однесуваат на инвестициони вложувања, за деловна технолошко – техничка соработка со домашни и странски фирми, директорот е должен да побара согласност од Управниот одбор.

Член 24

За одредени работи и работни задолженија директорот може да издава полномошно во писмена форма на други вработени лица, а особено заради застапување пред судовите и други органи.

Полномошната се издаваат во писмена форма а може да се однесуваат на поединечни работи или одредени видови групи на правни работи.

Полномошникот го застапува Јавното претпријатие само во границите на полномошното.

IV ДРУГИ ОРГАНИ И ТЕЛА

Член 25

За потребите на Управниот одбор за извршување на определени работи од интерес на Јавното претпријатие се формираат комисии кои можат да бидат постојани и повремени.

Комисиите се составени од 3-5 членови и истите ги избира управниот одбор или директорот.

Комисиите од своите редови избираат претседател и заменик претседател.

Комисиите работат на седници и нив ги свикува и со нив раководи претседателот на комисијата, а во негово отсуство заменик претседател.

Член 26

Директорот на Јавното претпријатие од редот на вработените може да формира стручен совет кој претставува советодавен, стручен и оперативен орган.

Стручниот совет го свикува и со него раководи директорот.

V ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ

Член 27

Внатрешната организациона поставеност на Јавното претпријатие се заснова и поаѓа од рационалното користење на средствата и постигнување на подобри резултати во процесот на работа.

Внатрешната организација овозможува вршење на сите работи од дејноста на Јавното претпријатие во неговите делови и во целина.

Дејноста на Јавното претпријатие (одржување и користење на пазари на големо и мало на подрачјето на општината Битола) се врши во следните организациони делови:

-Сектор за стопанско–сметководствени работи
-Сектор за правни општи работи и човечки ресурси
-Сектор пазари

VI ОПШТИ АКТИ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ

Член 28

Во Јавното претпријатие се донесуваат следните општи акти:

-Статут
-Правилник за систематизација на работните места
-Правилник за организациона поставеност
-Колективен Договор
-Пазарен ред
-Други општи акти.

Општите акти на Јавното претпријатие мора да бидат во согласност со Статутот и законските прописи за соодветната област и влегуваат во сила осмиот ден од денот на објавувањето на огласната табла.

VII СИНДИКАТ

Член 29

Јавното претпријатие е должно да создаде услови за активностите на репрезентативниот синдикат во врска со заштита на правата на работниците утврдени со Закон и колективен договор.

Активностите на синдикатот не можат да се запрат со акт на Јавното претпријатие.

Член 30

Синдикалните преставници имаат право кај работодавачот да ги штитат и промовираат правата и интересите на членовите на синдикатот.

На барање на синдикатот, Јавното претпријатие е должно да обезбеди навремено и успешно остварување на правата и пристап до податоците важни за остварување на правата на членовите на синдикатот.

Член 31

Синдикалниот преставник е заштитен од отказ согласно законот.

-На синдикалниот претставник заради синдикални активности не може да му се намали платата или да му се откаже договорот за вработување.

-На синдикалниот преставник за време на вршење на должноста, може да му биде откажан договорот за вработување само со претходна согласност на синдикатот.

-Ако синдикатот во рок од 8 дена не се изјасни за давање или ускратување на согласноста, се смета дека е согласен со одлуката на работодавачот.

-Ако синдикатот не даде согласност, согласноста може да се надомести со судска одлука.

-Заштитата пред отказ за лицата трае цело време за времето на траењето на мандатот и најмалку 2 години по престанување на мандатот.

-На работник кој е избран или именуван на синдикална функција утврдена со статут, а чие вршење бара привремено да престане да работи во претпријатието му мирува работниот однос и има право во рок од 5 дена по престанувањето на функцијата што ја вршел да се врати на работа за вршење на работи кои одговараат на неговиот степсна на стручна подготовка.

Правата на синдикалните преставници и членовите на синдикатот во Јавното претпријатие се уредуваат во согласност со оредбите за синдикатот од ЗРО.

VIII ШТРАЈК

Член 32

Работниците правото на штрајк го остваруваат во согласност со Закон и Колективен договор на ниво на Јавно претпријатие.

IX ДЕЛОВНА ТАЈНА

Член 33

Во интерес за зачувување на безбедноста и успешно работење на Јавното претпријатие поедини податоци од работењето и односите во

јавното претпријатие претставуваат деловна тајна и можат да се соопштуваат на трети лица на начин пропишан со закон и посебен акт.

X ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 34

Статутот ќе се смета за донесен ако за истиот гласале повеќе од половината од членовите на Управниот Одбор.

Член 35

Општите акти на Јавното претпријатие „Пазари" - Битола ќе се усогласуваат со овој Статут во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на овој Статут.

До донесувањето на општите акти, во случај кога одредбите на постојните акти се спротивни на законот, непосредно ке се применуваат постојните законски прописи.

Член 36

Измените и дополнувањата на Статутот ќе се вршат на ист начин како и неговото донесување.

Толкувањето на одредбите на овој Статут ќе ги дава Управниот одбор во консултација со општо правен сектор.

Член 37

Со денот на влегувањето во сила на овој Статут престанува да важи Статутот на Ј.П. „Пазари" - Битола бр.01-34/1 од 12.08.1998 година, и измените на истиот бр.02-53/3 од 22.02.1999; 02-171/1 од 07.05.2003 и 01-152/1 од 21.03.2019 и 01-72/1 од 17.03.2023 година и 01-76/1 од 17.03.2023 год.

Член 38

Овој Статут влегува во сила осмиот ден од добивањето на согласноста од основачот, и ке се објави на огласната табла на Ј.П. "Пазари"-Битола.

Претседател на Управниот Одбор

Ирена Сталевска

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ „ПАЗАРИ" 1 БИТОЛА

С О Д Р Ж И Н А

I ОПШТИ ОДРЕДБИ ----------1

II ДЕЈНОСТ, ФИРМА, СЕДИШТЕ, ПЕЧАТ, ШТЕМБИЛ И АМБЛЕМ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО ----------2

1. ДЕЈНОСТ ----------2
2. ФИРМА ----------2
3. СЕДИШТЕ ----------2
4. ПЕЧАТ, ШТЕМБИЛ И АМБЛЕМ ----------3

III ОРГАНИ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ----------3

1. УПРАВЕН ОДБОР ----------3
2. НАДЗОРЕН ОДБОР ----------6
3. ДИРЕКТОР ----------7

IV ДРУГИ ОРГАНИ И ТЕЛА ----------10

V ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО ----------11

VI ОПШТИ АКТИ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ----------11

VII СИНДИКАТ ----------11

VIII ШТРАЈК ----------12

IX ДЕЛОВНА ТАЈНА ----------12

X ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ ----------13